**искуства и новини од светот**

# ПРОГРАМСКА СТРУКТУРА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО МОТОРНИ ПОПРЕЧЕНОСТИ

*Радмила ЧУКИЌ, Гордана ОДОВИЌ, Фадиљ ЕМИНОВИЌ*

Факултет за специјална едукација и рехабилитација, Белград

## Вовед

Образованието на учениците со моторни попречености претставува една од важните детерминанти на нивната понатамошна успешност во животот. Со самото образование, меѓу другото, ги подготвуваме за квалитетен и самостоен живот. Основното образование, односно почетното ниво на школување, е еден од условите кој подоцна ќе им овозможи професионално оспособување и интеграција во општествената средина.

Учениците со моторни попречености, во однос на другите способности и можности на основното училиште, образование и воспитание добиваат врз основа на два наставни плана и програми: редовен и специјален (изменет и модифициран).

Без оглед на организираната форма на образование и видот на наставниот план и програма, целта и задачите на програмата на основното образование се исти за сите ученици. Со основното и средното образование настојуваме да ги подготвиме сите ученици за заеднички живот и работа во иста општествена средина.

***Клучни зборови**: наставна програма на основното образование, воспитно-образовна работа, ученици со моторни попречености.*

Адреса за сепаратите:

*Фадиљ ЕМИНОВИЌ*

Универзитет во Белград
Факултет за специјална едукација и рехабилитација
Високог Стевана 2
11000 Белград, Србија
e-mail: emin73@EUnet.yu

**world experience and current events**

# THE CURRICULUMS OF THE ELEMENTARY EDUCATION FOR STUDENTS WITH MOTOR DISABILITIES

*Radmila CHUKIKJ, Gordana ODOVIKJ, Fadilj EMINOVIKJ*

The Faculty for Special Education and Rehabilitation, Belgrade

## Introduction

The education of the students with motor disorders presents one of the most important determinants of their further success in life. By educating them, among other things, we prepare them for more qualitative and independent life. The elementary education, as the first or the initial level of education, is also one of the conditions that will enable them professional qualification and the integration in the society.

Regarding their other abilities and possibilities, the students with motor disorders acquire elementary education by two types of curriculum: regular and special (changed and modified).

Regardless of the organizational form of education and the type of curriculum, the goals and tasks of the programs of the elementary education are the same for all the students. Within elementary and the secondary education we insist on preparing all the students for life and work in the same community.

***Key words**: the elementary curriculum, educational work, the students with motor disorders.*

Address requests for reprint to:

*Fadilj EMINOVIKJ*

Belgrade University
The Faculty for Special Education and Rehabilitation
Visokog Stevana 2
11000 Belgrade, Serbia
e-mail: emin73@EUnet.yu

## *Образование на учениците со моторни попречености*

Учениците со моторни попречености во однос на другите способности и можности на основното училиште, образование и воспитување добиваат врз основа на два наставни плана и програми: редовен и специјален (изменет и модифициран). Во текот на образованието, поради специфичната состојба во која се наоѓаат, телесно-инвалидните ученици се често вклучени во системот на медицинската и здравствената нега, а задолжително во системот на рехабилитацијата.

Уставно право и обврска на сите наши граѓани е да добијат основно вопитание и образование. Тоа е основа не само за продолжување на натамошното (средно) образование, туку и важна претпоставка за вклучување на граѓаните во општествениот живот и вработување. Затоа основното воспитание и образование претставува организирана дејност од посебен општествен интерес за нашето општество што се базира на идејните основи на демократското општество, постигнувањата на науката и техниката и актуелната воспитна теорија и пракса.

Основното образование-идејно, програмски и организирано претставува основа за целокупниот демократски систем на перманентно воспитување и образование. Непосредно е поврзано со предучилишното воспитание, а во исто време е основа на секое натамошно средно образование како и на секое проширување на современото општо образование. Поврзаноста на основното со предучилишното, односно средното образование, може да биде програмска и организациска.

Основното воспитание и образование се добива во основните училишта, во училиштата и одделенијата за основно образование на возрасни и курсеви на работнички и народни универзитети, во специјални училишта, односно во специјални одделенија за основно воспитание и образование во заводи. Специјалните училишта и специјалните одделенија се организираат со посебен закон. Во Србија основното образование и воспитание се стекнува во текот на осумгодишното школување.

## *The schooling of the students with motion disorder*

Regarding their other abilities and possibilities, the students with motor disorders acquire elementary education by two types of curriculum: regular and special (changed and modified). During the educational process, due to their specific condition, physically disabled students are often included in the system of medical and health care, and especially rehabilitation.

It is the constitutional right and obligation of all our citizens to achieve the elementary education. It is the basis of not only continuity of further (secondary) education, but it is also a necessary precondition for including people into the social life and the employment. Therefore, the elementary education is an organized activity of special social interest of our society. It is based on ideological bases of the democratic society, scientific achievements and technology and current educational theory and practice.

The elementary education-ideological, programmed and organized represents the basis of the entire democratic system of the permanent education. It is directly connected with the preschool education, and at the same time it represents the basis of the further segment of the secondary education as well as any other enhancement of the contemporary general education. The connection of the elementary education with the preschool and the secondary education is not only by program, it can also be organizational connection.

The elementary education is achieved in elementary schools, in the school and classes for the elementary education of the adults, the schools and courses at the workers' and people's universities, socially verified schools and other coeducational forms: special schools, in other words special sections for the elementary education, and in institutes. The special schools and the special sections are organized in accordance with a particular law.

In Serbia the elementary education is achieved through compulsory eight-year education.

Со закон е регулирано во основното училиште да се опфатат децата од седум до петнаесет години, а во специјално училиште се опфаќаат децата од седум до дваесет години (1). Основното осумгодишно образование е регулирано со закон и се однесува на школувањето и категоризацијата на децата со посебни потреби. Категоризацијата на децата со посебни потреби се врши комисиски. Според Законот за основно образование (1) децата и младинците попречени во развојот се делат на три категории:

- телесно и сензорно оштетени (телесни инвалиди, слепи, слабовидни, глуви и наглуви);
- ментално попречени (лесно, средно и тешко);
- комбинирано попречени во развојот (со две и повеќе попречености и др.).

Решението на комисијата за категоризација кажува за видот и степенот на попреченост кај детето, како и за неговата способност за добивање на воспитание и образование во адекватни училишта. Посебен план и програма за образование и воспитување за секој вид и степен на попреченост донесува министерот за образование. Законот за основно образование одлучува за битните прашања од работата на училиштата. Со наставниот план и програма се утврдуваат целите, задачите и содржините на образованието и воспитувањето, траењето на воспитувањето и образованието, возраста на ученикот за запишување, бројот на учениците во одделението, односно групата, неделниот и годишниот број на наставни часови и другите видови на образовно-воспитна работа, професионалната ориентација, како и времетраењето на часот (2). Истиот закон предвидува за учениците од I до IV одделение да се организира одделенска настава, а од V до VIII одделение наставата може да биде одделенска, одделенско-предметна или предметна што зависи од видот и степенот на попреченоста во развојот. Наставниот план и програма регулираат која форма на настава се применува во училиштето. Законот исто така го одредува и бројот на ученици во едно одделе-

It is regulated by the law that the elementary education includes children from seven to fifteen yeas of age in the regular elementary schools, and the children from seven to twenty years of age in the special schools (1). The legal regulation of the compulsory eight-year education reffers to the education and categorization of the children with special needs. The categorization of the children with special needs is conducted by commissions. The Law of the elementary education (1) the children and the youth with special education needs are divided into 3 categories:

- physically and the sensory damaged (the physical invalides, the blind, with poor vision, the deaf and the hard-of-hearing );
- mentally retared (easily, moderately, severely);
- combined developmental disabilities (with two or more disabilities, etc.).

The solution of the commission for categorization speaks about the type and the level of child's disability as well as his/her ability to achieve education in appropriate schools. The educational curriculum for each type and level of disability is brought by the Minister of education. The Law of the elementary education gives in detail the important issues for the work of schools. "The school curriculums closely determine the goals, the tasks and the contents of education, the duration of education, the age of enrolling students, the number of students in the classes or groups, weekly and annual number of school classes of teaching and other educational work, the duration of the school class, the professional guidance of the students" (2). By the same Law the organization of the classes is stipulated: 1st to 4th grade elementary school is organized, and from the 5th to the 8th grade education can be as the elementary ( one teacher all subjects) , one teacher one or two subjects, or one teacher one subject, depending on the type and the level of developmental disabilities". The curriculum regulates in detail the form of the classes at schools. The Law also determines the number of students in a class, therefore in the spe-

ние, најмногу до десет, што зависи од степенот и видот на попреченоста. Училиштата или одделенијата кои работат со деца со комбинирани попречености имаат до шест ученика во едно одделение.

Поради експанзијата на нови сознанија и нови информации во специјалните училишта се зголемува таканаречениот минимум на образовни содржини кои се важни и кои треба да им се презентираат на учениците.

Во нашата држава, учениците попречени во развојот и учениците со посебни потреби можат да се школуваат по редовен и по изменет (намален, специјален) план и програма во зависност од интелектуалните потенцијали и преостанатите способности и можности. Кај нас, за жал, изборот на училиштето и видот на образованието зависи и од техничката опременост, односно од физичкиот пристап до училиштето.

Школувањето на учениците во текот на основното образование според наставниот план (редовен или изменет-специјален) може да биде:

**I.** Во рамките на редовниот наставен план и програма, наставата може да биде организирана во:

- редовни училишта (редовни класови и одделенија);
- посебни специјални одделенија во редовните училишта;
- редовни училишта од специјален тип (посебни училишта кои работат по редовен план и програма);
- специјални училишта од интернатски тип;
- училишта во болница додека детето е на стационарно лекување;
- дневно специјално училиште;
- домашни услови.

Заедничка карактеристика на сите тие училишта е што работат по наставен план и програма за редовна настава, меѓутоа, постојат одредени специфичности во текот на одредени периоди или во текот на целокупното школување, кои се однесуваат на условите за реализација на наставниот процес, применување на специјална наставна техника, методи или опременост која е потребна за да се реализира наставниот план и програма.

cial schools and sections there can be no more than ten students, which depends on the type and the level of developmental disabilities. Thus the schools and the sections which work with the multiply retarded children have no more than six children in a class.

In the special school we have the situation that due to the expansion of new discoveries and new information, so called minimum of educational contents of importance that should be presented to the students, is enhancing.

In our country the students with developmental disabilities and the students with special needs can be educated by the regular or by the modified (reduced-special) curriculum depending on the intellectual potential and other abilities and possibilities. Unfortunately, in our country, sometimes the choice of the school and the form of education depends on some issues of technical equipment of schools or the removed architectural barriers.

If we consider the curriculum (the regular or the modified-special), the education of the students during the elementary education can be:

**I.** The regular curriculum and the classes can be organized within:

- the regular school (regular classes and sections),
- the special classes and sections within the regular school,
- the special type of regular schools (special school that work in accordance with the regular curriculum),
- the special boarding school,
- the school within the hospital where the child is under medical care
- the special day-school
- the home conditions

The common characteristic of these schools is the curriculum of the regular education, but there are some specifics during certain periods or the whole educational process that referred to the conditions of carrying out the educational process, application of special teaching techniques, methods or the equipment necessary for the realization of the curriculum.

**II.** Во рамките на специјалниот наставен план и програма, наставата може да се организира во:

- редовни училишта (во редовни класови или одделенија);
- посебни специјални класови или одделенија во редовни училишта;
- специјални училишта за деца со посебен тип на хендикеп (училишта за телесно-инвалидни ученици, училишта за деца со церебрална парализа, училишта за деца со спина бифида, училишта за деца со лесна или умерена ментална ретардација, училишта за слепи или слабовидни ученици, училишта за глуви и наглуви);
- специјални училишта од интернатски тип;
- училишта во болници додека детето се наоѓа на подолго стационарно лекување;
- специјален завод од отворен или затворен тип;
- дневни специјални училишта;
- домашни услови.

### *Карактер и задачи на основното воспитување и образование*

Целта и задачите на основното воспитување и образование се предвидени со Законот за основно образование и воспитување на Република Србија и тој е базата за планирање и програмирање на сите воспитно-образовни дејности на тоа ниво на образование. За реализација на целта и задачите на основното воспитување и образование треба да соработуваат сите заинтересирани и релевантни сегменти: семејството, основното училиште и други фактори на основното воспитување и образование (сојузи и организации за воспитување и грижа за децата, културни, уметнички, хуманитарни, научно-технички, спортски и други вонучилишни организации и институции, верски заедници и политички партии, печатот, телевизијата, разни владини и невладини организации, како и општествениот живот во целина.

Со оглед на бројот на факторите во основното образование, мора да се постигне единствена и обединета образовна активност.

**II.** The special curriculum and the classes can be organized within:

- the regular school (regular classes and sections),
- the special classes and sections within regular schools,
- the special school for education of the children with the specific type of handicap (i.e. schools for the education of the students with physical handicap, schools for the children with cerebral paralysis, schools for the children with spina bifida, schools for the children with easy or moderate retardation, schools for the blind and with poor vision, schools for the deaf and those with hard-of-hearing),
- the special boarding schools,
- the school within the hospital where the child is under medical care,
- the specialized institutes of open or closed type,
- the special day-school
- the home conditions.

### *The character and the tasks of the elementary education*

The goal and the tasks of the elementary education are determined by the Law of elementary education of the Republic of Serbia and they present the basis for the planning and programming all the educational activities on this level of education. All the interested parties and relevant segments are involved in achieving the goal and the tasks of the elementary education: the family, the elementary school and other factors of the elementary education (the associations and the societies for education and children's care, various organizations of culture, arts, science and technology, sports, and other extracurricular organizations and institutions, religious communities, political parties, press, television, many governmental organizations and the non-governmental organizations, as well as the entire social life). Regarding the number of the factors of the elementary education, the unique and the cohesive educational activity must be achieved.

Основата на ваквата единствена активност ја претставува целта на демократското образование, научната заснованост и идејната насока на сите содржини, форми и методи на работа и вреднување на постигнати резултати на основното образование. Сите елементи на воспитувањето треба да придонесат за сестран развој на личноста, негување и развивање на индивидуалните способности, афинитети и интересирање на секој ученик, развивање на интелектуалните, општествените, моралните, естетските, работните и другите особини на сестрана, слободна, творечка личност, оспособувајќи ја за активно учество и изградување во демократската заедница и личниот живот.

Учениците со моторни попречености, односно телесно-инвалидните ученици, во однос на преостанатите способности и можности, основно воспитување и образование добиваат врз основа на два наставни плана и програми: редовен и специјален (изменет и модифициран). Во текот на школувањето, поради специфичната состојба во која се наоѓаат, телесно-инвалидните ученици често се вкучени во системот на медицинската и здравствената нега, а задолжително и во системот на рехабилитацијата. Основното образование, без оглед на видот и применетиот наставен план и програма, тргнува од исти прокламирани цели и задачи на програмата за сите ученици, што е разбирливо, бидејќи со школувањето настојуваме сите ученици да ги подготвиме да живеат и работат во исто општество, заедно. Покрај општите цели и задачи на образованието постојат и други задачи кои произлегуваат од посебните потреби и карактеристики на телесно-инвалидните ученици. Според нивната возраст и специфичноста на развојот, во текот на основното воспитување и образование, на учениците им се дава заедничка почетна основа на современо општо образование и воспитување во интерес на нивниот сестран развиток, работно опособување, здрав и културен живот, во сооднос со потребите на нашето демократско општество. Кај учениците опфатени со основното воспитување и образование, задолжително треба да се гради таков поглед на светот, сознание и мислење, кое одговара на демократското општество.

The basis of the unique activity presents the goal of the democratic education, scientific relation and the ideological direction of all the contents, forms and methods of actions and evaluation of the achieved results of the elementary education. All the elements of education are to contribute to the entire personal development, the cultivation and the improvement of the individual abilities and interests of each student, the development of the intellectual, social, moral, esthetic, working and other features of the comprehensive, free, creative personalities, enabling their ability for their active involvement and building a democratic society and their own lives.

Regarding their others abilities and possibilities, the students with motor disabilities get the elementary education by two types of curriculum: regular and special (changed and modified). During their educational process, because of their specific conditions, physically handicapped students are often included in the system of medical and health care, and especially rehabilitation.

The elementary education, regardless of its organizational form, and the applied curriculum have the same goals and tasks of education for all the students, which is understandable because by educating them, we prepare each student for living and working in the same society. Aside from the general goals and tasks of education there are many other tasks which emerge from the special needs and distinctiveness of the physically invalid students.

During the elementary education, according to their age and the specifics of their developmental disabilities, the students, are provided with the same starting point of contemporary general education for the interest of their development, improved working abilities, healthy and cultural life in accordance with the democratic concept of the society. For the children included in the educational system, it is necessary to develop such point of view, knowledge and thinking that respond to our democratic society.

Во текот на основното образование треба да се остварат и реализираат повеќе предвидени задачи што се однесуваат на развивањето сознанија и одговорност, љубов спрема работата и разбирање на демократското општество (основни информации за правата и должностите на учениците).

Една од задачите е развивање хумани и рамноправни односи меѓу половите што подоцна ќе претставува подготовка за брак и правилен семеен однос.

Во воспитно-образовната работа со телесно-инвалидните ученици постојат и рехабилитациони компоненти со кои состојбата на инфериорност и присутна немоќ се преведува во состојба на функционалност, социјална компетенција, реедукација или компензација.

### *Подрачја и циклуси за избор на содржините за основно воспитување и образование*

Основното, општото образование ги опфаќа основните подрачја на општествените, етичките и културните богатства на демократското општество, подрачјата на хуманистичките, општествените и природните науки. Задолжителните и изборните предмети ги опфаќаат сите пет образовни области: општествени науки и филозофија; јазик, книжевност и комуникација; математика, природни науки и технологија; уметност и физичко и здравствено воспитување. Сите наведени подрачја се научно базирани.

Најновиот наставен план и програма на основното образование и воспитување кој се применува од 2003 година, во наставниот план има застапено задолжителни и изборни наставни предмети. Има 9 задолжителни наставни предмети и 7 изборни. Задолжителни наставни предмети се: Српски јазик, Странски јазик, Математика, Светот околу нас, Природа и општество, Ликовна култура, Музичка култура и Физичко воспитување. Од предложените седум изборни предмети ученикот избира два. Ученикот избира една можност-Верска настава или Општествено воспитување.

During the elementary education, many planned educational tasks should be accomplished. They are referred to the development of knowledge and responsibility and love toward work, and understanding of the democratic society (the basic information about the rights and obligations of the students).

The development of humane and equal relations between the sexes represents the preparation for marriage and normal family relations in the future.

During the work with the physically disabled students, components of rehabilitation are involved which help to transfer the state of inferiority and the present inability into the state of the functionality, social competency, reeducation or compensation.

### *The areas and the cycles for selecting the content of the elementary education*

The general elementary education is consisted of the basic areas of the social, ethical and cultural values of the democratic societies, the areas of the humanities, social and natural sciences. The compulsory and the optional subjects are consisted of all five educational areas: social sciences and philosophy, language-communication and literature, mathematics, natural sciences and technology, arts, and physical education. All the areas above are scientifically based.

The latest curriculum of the elementary education, which has been implemented since 2003, contains the compulsory and the optional subjects. There are nine compulsory subjects and seven optional subjects. The compulsory subjects are: Serbian language, foreign language, mathematics, the world around us, nature and society, fine arts, musical culture and physical education. The students choose two of seven compulsory subjects. The choice between religious studies or social studies is one of the optional subjects.

За вториот изборен предмет се избира еден од 7-те предложени предмети (Народна традиција, Рака во тесто, Откривање на светот, Бранители на природата, Убаво пишување, Од играчка до калкулатор, Мајчин јазик со елементи на националната култура).

Предметната настава се одвива преку основните предмети кои се задолжителни во сите циклуси, преку задолжителните и изборните предмети.

Основното образование е поделено на три циклуса. Првиот циклус ги опфаќа I, II и III одделение, а се реализира преку одделенска настава (исклучок прават предметите по странски јазик, како и можните изборни предмети).

Во текот на овој циклус тежиштето на наставата е врз развивањето на базичните способности на знаења и умеења. Во овој циклус процесот на систематското образование се базира на искуствата, знаењата и умеењата кои детето ги стекнало и изградило со други контакти во услови на секојдневниот предучилишен и вонучилишен живот. Повеќето од децата на оваа возраст се способни да изведуваат основни рационални операции и умствени работи, но, бидејќи нивниот комплетен развој започнува во тој период, потполната структурализација, консолидација и интеграција допрва претстои, а образованието максимално треба да ги поттикнува и стимулира овие процеси.

Вториот циклус ги опфаќа учениците од IV, V и VI одделение. Во овој циклус, поаѓајќи од феномен близок на детето, се воведуваат елементи на научни знаења, со што учениците се подготвуваат за следниот образовен циклус. Во вториот циклус наставата се реализира како предметна настава на интегрирани предмети базирани врз образовни области.

Третиот циклус се однесува на завршните одделенија на основното образование. Во овој циклус сознајните способности влегуваат во завршниот, најголемиот развоен степен, односно во формирање способност за апстрактно мислење. Тој озможува разбирање и развивање поими и појдовни системи и примена на научените основни знаења.

Учениците со моторни попречености кои имаат добри образовни способности, пред сè, добри

The second optional subject is the one of the seven proposed subjects (folk tradition, the hand in the dough, the world discovery, the guardians of the nature, calligraphy, from toy to computer, the mother language with elements of national culture).

Subject teaching is performed through the basic subjects, compulsory in all the cycles as well as through compulsory and optional subjects.

The elementary education is divided in three cycles. The first cycle includes the 1$^{st}$, the 2$^{nd}$ and the 3$^{rd}$ grade and is realized through the elementary school-one teacher teaches all subjects, (except the foreign languages and the optional subjects). During this cycle the accent is on the development of the basic abilities, knowledge and skills. In this cycle, the process of the systematic education relies on the experience, knowledge and skills adopted and developed by the child through the contacts and in the conditions of everyday school life and after school life. Most of the children at this age are capable of performing the basic rational operations and mental activities, but, as their full development starts during this period, a total structural process, consolidation and integration is still before them and the education has to encourage and stimulate it rather then rely on it.

The second cycle includes the 4$^{th}$, the 5$^{th}$ and the 6$^{th}$ grade. During this cycle, starting from the phenomena familiar to the children, elements of scientific knowledge are introduced, which prepare students for the next educational cycle. The classes in the second cycle are accomplished by one teacher teaching one subject of the integrated subjects based on educational areas.

The third cycle refers to the final grades of the elementary education. During this cycle the cognitive abilities are on the final, the most developed level, in other words on the level of achieving abilities for abstract thinking. It enables the comprehension and the development of the concepts and the conceptual systems and applying the system of the basic scientific knowledge.

The students with motor disorders who have good educational abilities, before all good intellectual abilities, achieve the elementary education accor-

интелектуални способности, основното образование го стекнуваат според редовниот план и програма користејќи разновидни методи и техники на наставна работа, разни активности, дидактички средства и помагала подготвени при организацијата на наставата според способностите на учениците.

Подрачјето **Јазична и книжевна култура** (мајчин јазик, немајчин јазик и странски јазик) има важни воспитно-образовни задачи во развивањето на мислењето, способноста за усмено и писмено изразување и разбирање, како и во оспособувањето на учениците за доживување на уметничките и моралните вредности во литературните дела.

Образовното подрачје **Мајчин јазик, книжевност и комуникација** посебно е важно за целосниот развој на учениците. Бидејќи има важна улога во интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, застапено е во текот на целиот образовен процес, од почетното до завршното одделение. Целта на наставата е добивање на основна јазична и книжевна култура, максимално развивање на комуникацијата и поттикнување на интелектуалните и креативните способности. Тоа се постигнува со елементарно читање и пишување, стекнување на основните граматички поими, правописот, како и развивање на љубов кон книгата и читањето.

**Немајчиниот јазик,** во национално измешана средина има за цел оспособување на учениците за усвојување на основните елементи на литературниот јазик, правописот и усмено и писмено комуницирање во животот и работата.

**Странскиот јазик** е застапен од I до V одделение со цел оспособување на учениците да се користат со еден од светските јазици. Една од основните задачи на овој наставен предмет е елементарно развивање на јазичните способности: говор, разбирање, читање и пишување и нивната меѓусебна поврзаност со актуелните теми од секојдневниот живот и работа.

**Математиката** како подрачје од посебно значење, во општествените и природните науки има посебно место во основното образование и се изучува од I до VIII одделение. Основните воспитно-образовни задачи придонесуваат за развојот на математичкото мислење кај учени-

ding to the regular curriculums. In relation to the classic regular school, the regular schools for the students with motor disorders realize the same curriculum using various methods and techniques of the curriculum, various activities, didactical instruments and tools in accordance with the class organization and the abilities of the students.

**The area of language and literature culture** (mother tongue, non-native language and foreign language) contains the important educational tasks in development of thinking, the ability for oral and written expression and understanding, for experiencing the artistic and moral values in the literary works.

The educational area **mother tongue, literature and communication,** considering its value for the entire development of the students and the educational process-from the first to the final grade of the elementary school, is of essential importance for the intellectual, emotional and social development. The aim of the classes is acquiring basic language and literature culture, and maximal development of communication, as well as encouraging intellectual and creative abilities. This aim is accomplished by basic reading and writing, basic grammatical concepts and orthography, and also by developing love for books and reading.

**Non-native language**, in multiethnic environments, has the goal of making the students grasp the basic elements of the literature language, orthography, verbal and written communication in everyday life and work.

**The foreign language** is included in the curriculum from the 1$^{st}$, or the 5$^{th}$ grade, and its aim is to enable students to study one of the worlds' languages by developing language skills: speaking, understanding, reading and writing and their practical usage in everyday life and work.

**Mathematics**, as the area of the special importance in the social and natural sciences, takes the special place in the elementary education and it is present from the 1$^{st}$ to the 8$^{th}$ grade. The basic educational tasks are to contribute to the development of the mathematic thinking of the students and

ците и оспособувањето за откривање на разни начини при решавање на проблеми. Основните програмски содржини на математиката се: собирање на природни, цели и рационални броеви, математички изрази, основни функции, полином, релации, основни математички логички елементи, линеарни функции, еднаквост и нееднаквост, единици за мерење.

Подрачјето **Општествени науки** е доста сложено и има повеќе области и предмети. При изучување на општеството се поаѓа од комплетното воведување на учениците во областа на општествените појави (предметот подоцна се конституира во посебни наставни предмети-Историја и Географија). Основните образовни задачи на ова подрачје се запознавање со основните текови на општествениот развиток. Новиот наставен план од 2003 година, во прво одделение воведува предмет **Светот околу нас** како методска синкретизација од поранешните предмети.

**Историјата** се изучуваа од V одделение. Програмски се опфатени само најважните настани од најстарите времиња до денес од општата историја на Србија.

**Географијата** се изучува од V одделение. Програмски се опфатени основните поими за Земјата како планета и нејзината положба во космосот како и физичко-географските карактеристики на Земјата.

Подрачјето **Природни науки** е комплексно и содржи повеќе научни области и предмети со цело оспособување на учениците и за сфаќање и разбирање на природните појави. Ова подрачје се воведува во одделенската настава преку предметот Светот околу нас, за подоцна, во предметната настава да се диференцира и конституира преку три наставни предмети: Биологија, Физика и Хемија.

**Физиката** се изучува од VI одделение. Самата концепција на наставата е насочена кон современото толкување на класичните закони на физиката.

**Хемијата** се воведува од VII одделение. Нејзини програмски содржини се: состав и градба на материјата, хемиски реакции и нивните врски, неоргански и органски супстанции и својства на супстанциите.

improving their ability to solve problem by various methods. The basic program contents of mathematics are: natural, whole and rational numbers, mathematical expressions, the basic functions, polynomial, relations, basic mathematical logic elements, linear functions, equations and measurement units.

**The area of social sciences** is very complex and consists of many areas and subjects. Within the studies of the society the starting point is the introduction of the social phenomena areas to the students. This subject is later divided into two teaching subjects (history, geography). The elementary educational task of this area is the acquaintance with the basic courses of the social development. The new curriculum from 2003 introduces in the 1$^{st}$ grade the new subject called “The world around us” for the purpose of methodical syncretism of the former subjects.

**History** is studied from the 5$^{th}$ grade. Its program contains only the most important events from the ancient history till nowadays from the general history and the history of Serbia.

**Geography** is studied from the 5$^{th}$ grade. Its program contains the elementary facts about the planet Earth and its position in the universe as well as the physical-geographical characteristics of the earth.

**The area of the natural sciences** is complex and is consisted of many scientific areas and subjects with the aim of introducing to the students the understanding and comprehension of the natural phenomena. It is studied first at the elementary school and later on the subject “The world around us” is differentiated and constituted as three schools subjects: biology, physics and chemistry.

**Physics** is studied from the 6$^{th}$ grade. The concept of the class is the contemporary interpretation of the classic laws of physics.

**Chemistry** is studied from the 7$^{th}$ grade. The program contains: the composition of substances, chemical reactions and their links, inorganic and organic substances, the characteristics of the substances.

**Биологијата** се изучува од V одделение. Програмски содржини се: запознавање на градбата и функцијата на одделни групи на животни, разни видови на живиот свет и неговата зависност од неживата природа.

Подрачјето **Физичко и здравствено воспитување** обезбедува оптимален поттик за нормално растење и физичко развивање кај учениците, закрепнување на нивното здравје и физичките способности.

Подрачјето **Работно и политехничко воспитување** опфаќа повеќе области со цел да придонесе за подобро разбирање на работата и современото производство.

Подрачјето **Естетско воспитување** им овозможува на учениците да ги доживуваат и проценуваат хуманите и естетските пораки на уметничките дела, вклучувајќи ги во процесот на културно-уметничкото творештво. Ова подрачје е застапено со предметите Ликовно и Музичко воспитување, кои се изучуваат во текот на целото основно образование.

Програмата за учениците со моторна попреченост кои во основното образование работат по специјален наставен план, подолг временски период не е променета и реформирана. Доколку се направи една кратка анализа на сообразеноста на програмски содржини со можностите на учениците, може да заклучиме дека програмата на специјалното основно училиште е многу потешка од програмата на редовните училишта, што не е дозволено и претставува апсурд.

## *Способностите на учениците со церебрална парализа за настава и образование*

Децата со ЦП се помала група во рамките на телесната инвалидност (зборуваме за ЦП-деца бидејќи во Белград постојат две училишта за нивно образование). Со ЦП се предизвикуваат бројни и многу сложени нарушувања кои може да бидат или само во областа на моторното функционирање или што е почест случај, комбинирани пречки со ментални, емоционални и социјални проблеми.

Од медицински аспект попреченоста на мотори-

**Biology** is studied from the 5$^{th}$ grade. The program contains: the compositions and the function of the animal groups, the variety of species in the living world, the relations between the living world and non-living nature.

**The area of the physical and health education** provides the optimal effects for normal growth and physical development of students, improving their health and physical abilities.

**The area of the working and the polytechnic education** is consisted of many areas with the aim of better understanding the work and contemporary production.

**The area of the esthetic education** contributes to the students’ experience and evaluation of the human and esthetic messages of the works of art including them into the process of cultural artistic creation. This area is studied in the subjects: Fine Arts and Musical culture during the primary education.

The curriculum for the students with motor disabilities, who attend the elementary education according to a special curriculum, has not been changed for a long time. If we consider the program contents and the abilities of the students, we can come to the conclusion that curriculum in the special elementary school is much harder than the curriculum in the regular elementary school, which is inadmissible and makes nonsense.

## *Ability of students with cerebral palsy for learning and education*

Children with cerebral palsy represent a smaller group within physical disabilities (we are talking about CP children because there are two schools for their education in Belgrade). CP is determined with numerous and really complex disorders that may be in domain of motor functioning or, witch is more common, besides motor there are multiple disabilities with mental, emotional and social problems. From the medical aspect, motor disabilities have neurological base and are defined as

ката има невролошка основа и главно се дефинира како комплекс на невромускулна неспособност од различен степен и интензитет. Може да се манифестира како парализа, слабост, некоординација или некоја друга аберација на моторните функции поради оштетувања на контролните центри на мозокот. Моторното оштетување и неможноста за изведување на движења, покрај тоа што го обележува ученикот со ЦП, претставува истовремено и ограничување од аспект на реализација на задачите кои оваа настава ги става пред нив.

ЦП најчесто се објаснува со четири клинички форми (спастична парализа, атетоза, атаксија и тремор) со секогаш присутни координативни нарушувања и нарушувања во областа на сетилата. Епилепсиите се почести кај децата со ЦП отколку кај другите телесно-инвалидни деца. Тие деца потешко се прилагодуваат поради нивната тешка состојба, беспомошноста и непожелноста во средината. Моторните попречености и другите тешкотии влијаат на емоционалниот конфликт. Зависноста, пасивноста и незрелото однесување ја отежнуваат нивната социјализација и прифаќањето од страна на другите деца. Поради самата ситуација во која се наоѓаат, многу од тие деца немаат доволно прилики да се дружат со нормално развиените врсници. Некои деца, за жал, се изолирани во кругот на своето семејство и се чувствуваат отфрлени и несреќни, па се склони кон мечтаење и фантазирање, или стануваат импулсивни и агресивни, што ја намалува способноста за учење и го зголемува заостанувањето во емоционалниот и социјалниот развој.

Однесувањето на родителите кон детето во голема мерка го детерминира успехот во учењето кај детето и основното прилагодување.

Поради бројните оштетувања, ЦП-децата се најхетерогена група на телесно-инвалидните деца, а по сложеноста на комбинираниот хендикеп, се вбројуваат во најсложените примери на деца попречени во развојот.

Бројни испитувања на структурата на ЦП-популацијата зборува дека најголем број од децата со ЦП припаѓа на спастичната форма, околу 55-70% (зависно од авторот), после неа е атетоидната група (20-39%), па атаксичната (под 5%). Поголемиот број на испитувања покажува дека

complex of neuromuscular disabilities of different degree and intensities. It may be recognized as a paralysis, fatigue, lack of coordination, or some other aberration of motor functions due to damages of brain control centers. Motor damage and the disability to move not only characterize students with CP, but at the same time represent disability for doing the assignments in their education.

CP is mostly discussed in four clinical forms (spastic paralysis, athetosis, ataxia and tremor) with disturbed coordination and disturbance in domain of senses. Epilepsy appears commonly in the group of CP children than in other groups of physically disabled children. These children badly adapt due to bad conditions, that makes them unwanted, helpless and unneeded. Motor and other difficulties cause emotional conflicts. Dependence, passiveness and extensive immature behavior, makes it more difficult for these children to socialize and be accepted. Because of their conditions many of these kids do not have opportunity to make friends among their peers. Some kids are unfortunately isolated within their family, they feel unneeded and unhappy so they run to imagination and dreaming, or they become impulsive and aggressive, witch minimize ability for studying plus increase delay in emotional and social development.

Relationship between parents and children largely determines their success in learning and in socialization.

Because of numerous damages CP children represent the most heterogeneous group of physically disabled children, and compound cases with multiple handicap, are included in the most complex cases of children with developmental disabilities.

Numerous examinations about structure of CP population says that a number cases of children with CP belong to spastic form about 55-70% (depends on the author), then it is the athetoid group (20-39%), and atactic (below 5%). Most of the

од 80-90% од популацијата на овие деца се со спастицитет и атетоза. Намерните движења се спори и невешто изведени поради неконтролираното затегање и кочење на мускулите. Ова е многу битно, зашто нивните можности се пресудни за определбата на видот на наставата во која треба да биде вклучено детето.

Авторите посочуваат дека едно од четири деца со ЦП може да се смета за благо хендикепирано, две од три деца се со умерен хендикеп, а секое трето дете со ЦП е тешко хендикепирано. Кога е во прашање образованието и институционалното згрижување, полесно телесно и сензорно оштетено дете со ЦП (скоро 1/5 од вкупниот број на деца) може без посебен напор, да посетува редовно основно училиште. Интелигенцијата претставува општа способност за учење кај овие деца со ЦП. Искуството зборува дека постои многу поголем број на деца кои покажуваат намалена интелектуална способност. Податоците од литературата кажуваат дека секое второ ЦП-дете е со намален количник на интелигенција. Кај ЦП-децата намаленото интелектуално функционирање е само еден од присутните симптоми и може да биде со различен обем (натпросечна интелигенција, нормално функционирање, псевдозаостанатост, лесна ментална ретардација, па сè до тешки облици на ментална ретардација). Заостанувањето на когнитивниот развој е пропорционално со тежината на физичкото оштетување, а поизразено е ако до оштетување дошло порано.

Кај телесно-инвалидните деца, посебно нерамномерно се развиени специфичните способности. Говорот може да биде неправилен, неразвиен, а често нема експресивно развиен говор. Говорот не е развиен во соодност на менталната возраст. Тешкотии при развојот настануваат поради приемот на редуцирани искуства, особено во манипулативно-сензорните активности и во социјалните контакти. Присутни се промени во невербалните способности: визомоторна координација, организација и перцепција на просторот, графомоторни способности на прецизност и координација во манипулативните активности и мнестички и калкулативни способности. Нарушувањето на вниманието се однесува на дезорганизација, дистрактибилност, персеверација, импулсивност и хиперактивност што влијае на организирањето на наставата со такви деца.

say that 80-90% the population of these children is with spasticity and athetosis. Attempts to make move are slow and awkward because of uncontrollable muscular tension and strut of the muscles. This is highly important because of their options required for learning and writing.

The author writes that, one of four kids with CP may be considered easily handicapped, two of three kids are moderately handicapped and one of three is severely handicapped. In cases of education and institutional care, easily physically and sensually harmed kids with CP (about 1/5 of all kids) may lack distinctive difficulty, attend regular elementary training. Intelligence, as the general ability for studying, in a small group of kids with CP says that there is a large number of kids that show lower intellectual abilities. Information from literature says that every other kid is with lower quotient of intelligence. In CP kids lower intellectual operation is just one of the symptoms and may be distinctly abundant (high intelligence, normal functioning, pseudo retardation, easy mental retardation, and severe mental retardation). Delay in cognitive development is proportional to physical damage and is more emphasized if the damage appeared earlier.

In physically disabled children, specific abilities are especially developed. Speech may be, eccentric, undeveloped and often there is no expressively developed discourse. Discourse is not developed in relation with mental maturity. Difficulties in growth appear because of reception of reductive experience, especially from manipulative sensory activities and from social contact. Changes in non-verbal ability are present: visual motor coordination, organization and perception of space, graphomotor ability of preciseness and coordination in manipulative activity and mnemonic and calculative ability.

Disturbance of attention relates to disorganization, destructibility, perseverance, impulsiveness and hyperactivity, which influence the teaching organization for these kids.

Моторни оштетувања може да има на кој било дел од говорниот апарат што се манифестира со разни говорни попречености: моторна или сензитивна афазија, дизартрија, дислалија итн. Првата година на животот е важен период за развој на говорот. Мислењето се развива паралелно со говорот. Така сложената и разновидната клиничка слика на ЦП бара од стручњакот детето со ЦП да се третира како сложена био-психосоцијална единка со посебни барања, потреби и патишта на сознанијата. Треба добро да се познава секое дете како единка со посебни потреби и адекватно со неговото функционирање, наставните содржини треба да се аплицираат на вистинскиот начин и пат според потребите и можностите на секое дете.

Кај учениците со тешкотии во учењето и напредувањето треба да се примени вклучување во дополнителната настава и индивидуалниот третман во рамките на редовната настава со адекватни мотивациони содржини. Треба да се согледа и анализира неуспехот по одделни предмети.

Тешкотии кај учениците со ЦП во наставниот процес се јавуваат во следните области:

- вербална способност (речитост, богатство на речник, лесно и течно изразување) во сите наставни предмети, особено во наставата по мајчин јазик;
- нумеричките способности се намалени како и способноста за успешна операција со броеви и основни математички операции во наставата по математика и природните науки;
- формирање на поими, кое е условено, од една страна, од големината на мозочните повреди во перцептивната област, а од друга страна, од содржините во рамките на детското искуство кое е сиромашно доколку кај детето моторната хендикепираност е во поголема мера;
- посебна способност на прикажување и разбирање на релации во просторот кои се значајни за совладување на наставните содржини по повеќе предмети;
- паметење (задржување и запаметување) одредени податоци и наставни содржини при

Motor disabilities may appear in any part of speech apparatus which is manifested with different speech disabilities: motor or sensitiveness aphasia, dysarthria, dyslexia, etc. The first year of life is a crucial period in speech development. Thinking evolves parallel with speech. This diverse clinical picture of CP, demands experts to observe children with CP as a complex bio-psycho-social unit with distinctive requirements, abilities and needs.

Students with difficulties in learning and enhancing should be provided with additional teaching and individual treatment within regular teaching with adequate motivating teaching contents. It is important to analyze the failure in some subjects.

Difficulties related to students with CP in the teaching process manifest in the following areas:

- verbal ability (elocution, rich vocabulary, easy and fluent expressing) important in all teaching subjects, especially in the domain of mother tongue.
- numerical abilities are reduced as well as the abilities for prosperous operation with numbers and basic arithmetical operation in teaching mathematics and natural sciences,
- forming concepts, which, on one side, is caused by the nature of the cerebral violation in the domain of perception , and on the other side within the child’s experience that is poor if the child is with multiple motor disabilities.
- special ability of presenting and understanding of relations in space which are important in the learning process of different subjects,
- memory, (holding and remembering) certain data and teaching contents in reproduction and recognition of teaching contents of different subjects,

репродукцијата и повторувањето на наставните содржини по сите предмети;

- во перцепцијата; тешкотии се покажуваат во препознавање на формата и диференцирање на „фигурата“ од „основата“, како и при асимилирање и интегрирање на перцептивните содржини во просторната ориентација и во областа на визуелно-моторната перцепција;
- вниманието кај овие деца е доста нестабилно и краткотрајно;
- во сензорните забележувања; поради сиромашното искуство и слабата врска со околината кај овие деца недоволно се развиени способности за сензорното забележување;
- индуктивно заклучување и способност за изведување општи заклучоци и правила врз основа на одделни елементи во сите училишни предмети;
- способност на дедуктивно заклучување (разбирање на општи законитости, принципи и правила);
- искуствената евалуација (социјалната интелигенција) како способност за проценување и подобро разбирање на однесувањето на другите луѓе, има значајна улога во социјалната комуникација меѓу учениците;
- оригиналност, флексибилност и флуентност;
- способност за редефинирање со која треба познат предмет да се употреби на нов начин и да се пронајде ново значење на предметот;
- елаборација или умеење што подетално да се развие оригинална идеја за решавање на некој проблем.

Емоционалните и социјалните проблеми кај телесно-инвалидните ученици се изразуваат како општа емоционална нестабилност, инфериорност и општа немоќ, изразена интровертност, чувство за неприфаќање, депресивност, страв и фрустрација. Променливото расположение и сличните емоционални тешкотии се важни за наставниот процес, бидејќи бараат адекватно посветување на наставникот во работата и адекватни барања од овие ученици.

Специјалните вежби и дидактички игри во областа на сензорното набљудување и визуелно-моторната координација (око - рака) се важен

- perception, difficulties are manifested in recognition of objects, and differentiating „figure“ from „base“, as well as in assimilation and integration of perceptive contents, in spatial orientation, and in domain of visual motor perception.
- attention, which is fairly inconstant and with short duration,
- sensory observation and lack of ability of sensory observation because of poor experience and relationship ship with the environment,
- inductive intellect and ability of making conclusions and rules made on the grounds of individual facts in all school subjects,
- ability of deductive intellect (comprehension of common laws, valid principals and rules),
- experience evaluation (social intelligence) as an ability for evaluation and better understanding other people's behaviour, has an important role in the social communication among students,
- originality and flexibility and fluency,
- ability of redefining which reflects the skill how to use known objects, article etc. and to apply them in a different way, to find another meaning of the subject,
- elaboration to develop original idea in detail and to resolve some problems.

Emotional and social problems of students with physical disabilities are manifested as general emotional instability, felling of inferiority and general helplessness, strong introvert nature, emotion of redundant depression, frequent anxiety and frustration, changeable mood and similar emotionally difficulties, are important for the teaching process, as they demand adequate attention of the pedagogue while working with these students.

Special exercises and didactic games, in the domain of sensory observation and visual motor coordination (eye–hand), represent an important part

дел на секоја секојдневна програма на основното образование кај овие деца, а се организираат во рамките на наставата по сите предмети. Намалената вербална и моторна активност на овие деца не им дозволува спонтано да ги развиваат и богатат своите искуства и сознанија за природата, општеството и животот. Нивните ставови и поими се доста сиромашни, непотполни или често погрешни. Некои ученици немале прилика да направат најосновни разлики на карактеристиките на некои предмети и материјали (мазно–грубо, тврдо–меко, остро–тапо, еластично итн.), кои кај нормалните деца се секојдневно достапни.

### *Предлог на мерки за решавање на овие прашања*

Учениците кои имаат благи телесни недостатоци, а кои се со просечна или потпросечна интелектуална способност, основно образование можат да добијат според малку модифициран наставен план и програма за редовните основни училишта. Модификациите можат да се прават кај оние наставни подрачја кај кои моторните активности се подоминантни (на пр.: Физичко воспитување). Треба да се организира настава со пократки часови и подолги одмори. За учениците кои имаат потешкотии во пишувањето треба да се воведе пишување на компјутер, доколку е тоа можно.

Логопедскиот третман и физикалната терапија се неопходни и задолжителни за сите ученици.

За ЦП-учениците кои имаат лесна ментална недоволна развиеност (со количник на интелигенција од 75 - 85 или 95, таканаречена маргинална група или група на ученици кои учат поспоро) како и за учениците со поголеми ограничувања и тешкотии во областа на перцепцијата, настава би требало да се организира по специјален наставен план и програма. Всушност, поради образовните потреби и можности на учениците, треба да се примени изменет наставен план и програма прилагоден за нивните можности. Образованието на овие деца може да биде во рамките на редовните и специјалните училишта.

Групата на ЦП-ученици со комбинирани умерени телесни и ментални оштетувања, невромускуларни неспособности, говорни попречености

of any modern curriculum of elementary education of these children. These measures are organized for each subject.

Reduced mobile and verbal activities are the reasons why these children could not develop and enhance their experience and knowledge about nature, society and life in general before entering the special schools. Their views and notions are very poor, incomplete and often wrong. Some students did not have any opportunity to distinguish basic qualities of some subjects and materials (smooth-rough, hard-softly, sharp-blunt, elastic etc.), which are available to normal children every day.

### *Proposals of measurements for solving these issues*

Students with mild physical disabilities and average or below intellectual abilities, can achieve elementary education according to slightly modified curriculums of regular elementary education. Modifications may refer to curriculum in which motor activities are dominant (e.g. physical education). Classes should be shorter and with longer brakes. For students that have difficulties in writing, it is necessary to introduce writing on a typewriter or a computer.

Speech therapy treatment as well as physical therapy are necessary and compulsory for every student.

For CP students which manifest easy mental development (with intelligence quotient IQ from 75-85 or 95 so called a marginal group of students that study slowly) as well as for the students with bigger disorders or limited abilities in the area of perception, teaching should be organized according to special curriculum, i.e. because of educational needs and students' abilities, changed and adapted curriculums should be implemented. The education of these children may be in regular or special schools.

The group of CP students with combined moderate physical or mental damage, neuromuscular disabilities, speech disturbance and mental retardation

и ментална ретардација (во рамките на IQ од 55-70 или 75), намалени способности за перципирање, основно образование треба да добиваат по минимален специјален наставен план (елементарно описменување) за да можат по завршувањето на основното образование да се приклучат во центрите за работно оспособување според своите можности.

Би требало да се направи разлика во неделниот / годишниот фонд на часови за учениците со ЦП според нивните можности и во таа дистрибуција треба да се вклучат ученици со комбинирани оштетувања, како и да се предвиди програма по физикала и работна терапија и логопедски вежби.

За ЦП-децата кои имаат тешки и комбинирани оштетувања и многу ниски образовни потенцијали и намалени канали на комуникација, големи вербални и артикулациони проблеми или воопшто немаат развиен говор и графомоторна низа, во текот на основното образование треба да се организираат одредени активности на образовно-воспитната работа во здравствено-социјални установи или во специјални воспитни заводи. Планот и програмата за работа со овие деца би имал за цел развивање и вежбање на способностите на децата за активности во секојдневниот живот-самопослужување, сензомоторни функции, социјализација, координација (тело и движење, око и екстремитети), подобрување на општата мобилност на децата, развивање на комуникацијата со орален говор. Со такви програмски содржини и работа може да се постигне подобра емоционална адаптација на сопствената состојба и адаптација на средината во која живеат. Кај децата кои би биле во можност да усвојат описменување и кои би можеле да научат да читаат и пишуваат (ако немаат развиена графомоторна низа, може да се користи машина), описменувањето треба да се примени само на едно писмо, со големи печатни кирилични букви. Во соднос со можностите образовните содржини треба да се обогатат со најелементарни податоци од математиката (содржините треба да бидат адекватни на секојдневниот и практичниот живот).

(with intelligence quotient IQ from 55–70 or 75), reduced abilities in perception, achieve elementary education according to a minimal, special curriculum (elementary literacy ), and after the elementary education they can join centers for work training according to their abilities.

There should be difference in weakly/yearly fund of classes for student with CP according to their abilities, and that distribution should also refer to students with combined disabilities. A Programme for physical therapy, work training, and speech therapy exercises should be anticipated.

For CP children with severe and multiple damages, and very low educational potential and reduced communication, with large verbal and articulation problems or without any developed speech and graphomotor sequence, in the period of elementary education, certain educational activities should be organized within health and social institutions or special educational institutions. The plan and programme for work with these children should provide development and exercises for these children in everyday life, self-service, sensomotor functions, socialization, coordination of (body and motion, eye and extremities), improvement of general mobility of the children, developed communications with oral discourse. With such contents and work, better emotional adaptation of oneself and the environment could be achieved. Children who could master literacy and learn to read and write (if they do not have developed graphomotor sequence–can use a type-writer), literacy can apply one type of writing, Cyrillic with capital letters. According to the abilities, educational contents should be enriched with elementary knowledge in mathematics (the content are to be adequate, practical and for every day life).

## *Заклучок*

Телесната состојба и функционирањето на децата со церебрална парализа треба да се почитува и да се има предвид при организирањето работа со овие ученици. Активностите би требало да се движат во две меѓусебно проврзани и зависни насоки. Едната би се однесувала на проценката на можностите и способностите на ученикот кои се важни за образовниот процес. Врз основа на добиената состојба за можностите на учениците, треба да се планираат други активности кои се поврзани со изработката на, главно индивидуални планови и програми на основното образование, но и со телесните активности, рекреации, манипулативни активности и вештини.

Основната цел на рехабилитацијата не е во тоа да се постигнат стандарди во развојот на нормалното дете, туку треба, колку што е тоа можно да се подобри моменталната состојба. Програмата за рехабилитација треба да се прави строго индивидуално.

Најидеално решение би било да се изработат одделни индивидуални наставни планови и програми. Содржините, изборот и распоредот на програмските содржини треба да се прилагодат според можностите на учениците, бидејќи децата со ЦП меѓусебно се разликуваат. Значи, воспитно-образовната работа треба индивидуално да се планира и индивидуално да се реализира. Индивидуалните програми би одговарале на потребите на секое ЦП-дете и би претставувале добра и сигурна ориентација и стручен водител при планирањето на понатамошните образовни активности, а кои би се базирале само на можностите на децата.

Како што може да се заклучи од оваа кратка анализа, нашиот систем на основното образование како базично и првостепено осумгодишно образование, има општообразовен карактер и не е прилагоден и функционален при подготовката за работа. Поради состојба на моторните способности, ниеден ученик со телесно оштетување не се вработил после завршувањето само на основното училиште.

Моделите на вработување каде квалификационата структура на работниците треба да изгледа

## *Conclusion*

The physical state and the functioning of children with cerebral paralyze need to be respected and to taken into consideration when organizing the work with these students. The activity should go in two, mutually coherent and dependable ways. One would be related to the assessment of the abilities and the possibilities of the students that are important for the educational process. On the basis of the conditions of students' abilities, activities should be planned related to individual plans and programme in the elementary education, as well as physical activities, recreation, manipulative activity and skills.

The general aim of rehabilitation is not to achieve standard development as in normal children, but to enhance existing state of these children. The programme for rehabilitation should be strictly individual.

The best solution would be individual teaching plans and programme for CP children. The contents, the choice and the schedule of the programmes should be adapted to the abilities of students, because, children with CP differ among themselves. Thus, the education needs individually designed and individually carried out upbringing and educational work. Individual programs would be satisfy every needs of the elementary education of any CP child and would be a good and appropriate orientation and an expert guide in planning further educational activities based on children's abilities.

As these short analyses show, we may conclude that our system of elementary education as the basic schooling and the first level of 8-year-education has general education features and is not adapted and functional when implemented. Due to the state of motor abilities, no student with physical disabilities has been employed after finishing the elementary school. Models of employment with qualification structure of workers where 20%

вака: 20% високо образование, 30% средно образование и 50% основно и ниско образование, се сметаат за надминати модели од крајот на XIX и почетокот на XX век. Моделот за XXI век многу малку предвидува работни задачи за нестручни и сезонски работници. Денеска се работи со помош на компјутери, калкулатори, електроника и роботика, а не со работници.

Бидејќи професионалното и работното оспособување на децата со моторни попречености, претставува еден од важните услови за економската самостојност, егзистенција и интеграција во општествената средина, треба да се тежнее после задолжителното основно образование и мрежата на средношколскиот образовен систем да се направи достапен за сите ученици со моторни попречености. Без оглед на отвореноста и транспарентноста во нашето општество, ситуацијата воопшто не е розева, особено ако се гледа средношколското образование наменето за телесно-инвалидните ученици кое практично и не постои.

of the employee have high education, 30% secondary and 50% elementary and low education are considered exceeded models from the end of the XIX and the beginning of the XX century. Models for the XXI century foresee that only minority of employees could work in unprofessional and seasonal work, because it is the age of information technology where the production is achieved via electronics, computers, automation and robots and less with man labor.

Professional and work training of individuals with motor disabilities is one of the very important conditions for economic independence, existence and integration in the society. The elementary education and high school education are to be available for all students with motor disabilities, because in spite of the openness and transparency of our society, the circumstances are not favourable especially if high-school education is considered for students with physical disabilities, which practically does not exist.

***Литература / References***


1. Службени гласник СРС-Просветни гласник бр. 50/1992, Београд.
2. Службени гласник СРС-Просветни гласник бр. 13/1993, Београд.
3. Rapaić D, i grupa autora: Monografija: Školovanje dece sa motoričkim poremećajima, poglavlje Nastavni plan i program, opšte i posebne karakteristike autora: Čukić R. i Eminović F. Beograd, 2005.
4. Stošljević L. sar.: Somatopedija, Naučna knjiga, Beograd, 1997.
5. Stošljević M, Čukić R, Stošljević M.: Učenici sa poteškoćama u učenju, Beograd, 2004.
6. Stošljević L, Čukić R, Stošljević M.: Metodika razredne nastave za telesno invalidna lica (Somatometodika-specijalni deo), Defektološki fakultet, Beograd, 1999.
7. Nastavni plan i program redovne osnovne škole, Zajednički plan i program vaspitno-obrazovnog rada u osnovnoj školi, Beograd, 1990.

ПРАЗНА СТРАНИЦА 90